ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Датум: 12.12.2013

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## За учество на Едукативна работна средба како дел од „Кампањата за рано препознавање на нарушување на растот„

Постигнат е голем напредок во лекувањето на децата со нарушување на хормон како резултат на соработката на Фондот за здравствено осигурување и здружението на родители на деца со ендокринолошки заболувања РАСТ, во изминативе 3 години, ова го истакна на денешната Едукативна работилниија директорката на ФЗОМ, м-р Маја Паранарџиева Змејкова. Едукативната работилница која е дел од „Кампањата за рано препознавање на нарушување на растот“ а организирана од здружението РАСТ и е наменета за здравствените работници и директори на установи кои се грижат за децата во претшколаска возраст на територија на град Скопје.




На почетокот, Парарџиева-Змејкова се осврна на резултатите од соработката на Фондот и здружението на граѓани „Раст“ во изминативе три години. За разлика од пред три години, сега, за овие дечиња се одвојуваат доволно средства за здравствените услуги што им се потребни. Дел од овој успех се должи и на воведувањето на новата алатка, на условниот буџет како дополнителен механизам со кој овозможува средствата наменети за овие пациенти да бидат осигурани.

Директорот на ФЗОМ Џемали Мехази истакна дека Фондот е благодарен на здруженијата на пациенти и им стои на располагање на сите нови здруженија на граѓани за предлози во насока на превенирање на здравјето на осигурениците, како и подобрување на квалитетот на здравствените услуги.

